Владо ИВАНОВСКИ

# ЗА НЕКОИ КОНТРОВЕРЗИИ ЗА НОВ ВО МАКЕДОНИЈА 1941

Од ослободувањето на Македонија (ноември 1944) наваму, особено внимание беше посветено на изучувањето на историјата на Македонија за периодот на Втората светска војна, односно за периодот на Народноослободителната и антифашистичката војна (НОАВМ). Според нашите сознанија, до сега се печатени над 460 посебни изданија со повеќе од 160.000 страници.[1]

Во голем дел од печатените трудови, се елаборира прашањето за револуционерната 1941 година во Македонија.[2]

Меѓутоа и покрај обемната продукција во која се обработува проблемот за НОБ во Македонија, кога ќе се анализира истата, паѓа в очи дека одделни значајни прашања недоволно се проучувани и оценувани или пак воопшто не се обработени и тоа за целиот период на НОБ, 1941-1945. Ќе споменеме некои од нив: времето и местото на формирањето на Комунистичката партија на Макдонија и Централниот комитет (КПМ и ЦК); улогата на делегатите и инструкторите на Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија (ЦК КПЈ) и Врховниот штаб на Народноослободителната војска и партизанскиоте одреди на Југославија (НОВ и ПОЈ) во Македонија; посебно улогата на делегатот на Централниот комитет на Бугарската работничка партија (ЦК БРП) за целото времетраење на војната во Македонија; потоа пробле-

[1] Види: Владо Ивановски, *Македонската историографија за Народноослободителната војна во Македонија, 1941-1945,* Зборник, *Македонската историска наука-достигања и проблеми.* Скопје, 2000, стр. 233-240. Во посебните изданија спаѓаат зборниците од научните собири: регионални, републички, сојузни и мағународни, библиографии, монографски трудови, зборници на документи: партиски, војни, окупаторски, за народната власт, за младинското движење, за загинати борци, за одделни ликови, мемоари, хроники на одделни населени места, хронологии, за печатот во НОВ и други. Види: Пандора Матлиева, *Прилог библиографији о Народноослободилацком рату и социјалистицкој револуцији у Македонији,* 1941-1945 (из македонске историографије). Зборник, *Македонија од устанка до слободе*, 1941-1945. Београд, 1987, стр.901-1016 и *Библиографија за НОВ и Револуцијата во Македонија*, 1941-1945. Скопје, 1995, стр.426.

[2] Зборник, *Ослободителната војна и револуцијата во Македонија,*Скопје,1973,стр.857; Зборници од научни собири: *Скопје во НОБ, 1941.* Кн. 1, Скопје, 1972; *Прилеп и Прилепско во НОВ,* Кн. 1, Скопје 1973; *Битола и Битолско во НОВ.* Кн. 1, Битола 1978; *Тетово и Тетовско во НОБ.* Кн. 1, Тетово 1991; *Охридско и Струшко во НОБ.* Кн. 1, Охрид, 1991; *Велес и Велешко во НОБ.* Кн. 2, Титов Велес 1973; *Развитокот на државноста на македонскиот народ.* Скопје, 1966 и други изданија.

мот за миграционите движења во Македонија во текот на НОБ. За жал, во последно време, некои сè уште го проблематизираат и актуелизираат прашањето за изборот и учеството, односно неучеството на македонските делегати на Второто заседание на АВНОЈ, ноември 1943 во Јајце и други.

Што се однесува пак за пресвртната 1941 во Македонија, многу прашања не само што се недоволно проучени, туку во македонската па и југословенската историографија, се контроверзни, како на пример: дали во пролетта 1941 македонската комунистичка партија беше приклучена кон Бугарската работничка партија(БРП) или пак станува збор за поврзување за соработка; формирањето и улогата на војната комисија за време кога секретар на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија (ПК КПЈ М) беше Методија Шаторов-Шарло; ставот на секретарот на ПК КПЈ по прашањето за вооружена борба-1941; сменувањето на Матодија Шаторов-Шарло од секретарското место и неговото исклучување од КПЈ; потоа улогата на делегатот на ЦК КПЈ во Македонија Драган Павлович-Шиља; доаѓањето на Лазар Колишевски во мај во Македонија и улогата на Страшо Пинџур, во врска со недоразбирањата во редовите на ПК КПЈ. За жал, сè уште е дискутабилно и не е објаснето: зошто на 11 Октомври 1941, директивата на ПК КПЈ за Македонија, за отпочнување со вооружени акции, ја спроведуваат само МК КПЈ за Прилеп, а наредниот ден на 12 октомври излегуваат на терен и двата кумановски партизански одреда? Другите градови, кои, исто така, се подготвуваа за формирање и активирање на партизански одреди не го сторија тоа; составот на новиот ПК КПЈМ, формиран во средината на септември 1941 година.[3] Секако интересно е и прашањето за времето за почетокот на вооруженото востание во Македонија 1941 година. Неоспорно секое од споменативе прашања заслужува посебно внимание и обработка. Во оваа пригода ќе се задржиме на прашањето на времето за почетокот на вооруженото востание во Македонија.

*

[3] Проследувајќи го овој проблем дознаваме дека непосредно по формирањето на новиот ПК КПЈ М, до ЦК КПЈ испратени се два извештаја, во врска со новонастанатата промена во раководството на Партијата, како и за ситуацијата воопшто. Тоа се потврдува од писмото на ЦК КПЈ,испратено до ПК КПЈ М, од средината на октомври 1941 година. Тоа е прво писмо со оригинален потпис од генералниот секретар на ЦК КПЈ-Јосип Броз-Тито (Види: Историјски архив на ЦК Комунистичке партије Југославије, Том VII, *Македонија у Народноослободилачком рату и народној револуцији*, 1941-1944, Београд, 1951, док. бр. 24, стр. 54-55). Во него покрај другото содржани се одлуките донесени на Воено-партиското советување, одржано на 26 септември 1941 година, во Столице крај Крупањ. Писмото започнува со зборовите: „Драги другови, примили смо ваша писма у којума нас извештавате да сте формирали ново руководство и да срeђујете прилике у македонским партијским организацијама...“. За жал двете писма или извештаи, што се споменуваат, а се чуваат во Архивот на Југославија, (претходно тие беа воАрхивот на ЦК КПЈ во Белград), до денес не се достапни за користење. Да се надеваме дека со разрешувањето на прашањето за сукцесијата, за архивската документација, од бивша Југославија, идните истражувачи ќе ги пронајдат и ги решат дилемите, како за составот на покраинското раководство, а исто така и за тоа кој е политичкиот секретар на тоа раковдство: Бане Андреев или Лазар Колишевски?

Октомвриското писмо од Тито во Македонија доаѓа во втората половина на декември 1941, а секретарот на ПК КПЈ М, Бане Андреев, го потврдува приемот со писмо до ЦК КПЈ од 26 декември. (Види: Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија, 1941-1945, Том

Во југословенската историографија гледајќи хронолошки, кога кои датуми и настани се утврдуваат за почетоци на востанијата, кај другите народи на Југославија ќе заклучиме дека: 7 јули се зема за почеток на вооруженото востание на српскиот народ. Тој ден, водачот на група илегалци- Жикица Јовановиќ-Шпанац во Бела Црква се судрува со жандармериска патрола, која сакала да ја легитимира неговата група[4]. 13 јули се зема за почеток на вооруженото востание на Црна Гора, кога организираните револуционерни сили, ги ослободиле цетинскиот и барскиот срез, без Цетиње.[5] На 22 јули 1941 е извршен нападот на словенечката партизанска група, во Тацна кај Шмарна Гора, при што е убиен еден поранешен југословенски жандарм, на служба кај Германците. ЦК КП на Словенија и Главниот штаб на словенечките партизански чети, донесуваат одлука тој ден да отпочне вооруженото востание. Словенија овој датум го одбележува како ден за отпочнување на вооруженото востание.[6] После подолги подготовки на 27 јули отпочна вооруженото востание во Босна и Херцеговина. Меѓутоа, спонтани вооружени судрувања на народот од ова покраина има и во текот на мај и јуни месец. Организирано почнува на 27 јули. Истиот ден е ослободена поголема територија околу Дрвар и пошироката околина. Покрај Дрвар, ослободени се Оштрељ, Босанско Грахово и други места.[7] 27 јули утврден е како ден на востанието на народите на Хрватска. По нападот на герилските групи на комуникацијата према месноста Срб и по завземањето на Срб, востанието ја зафатило цела јужна Лика. Наредните денови и месеци тоа се проширува уште повеќе на територијата на Хрватска.[8] По оваа иста хронологија, за Македонија се вели дека вооруженото востание почнало на 11 октомври. По одлука на ПК КПЈ за Македонија, по извршените подготовки, Прилепскиот партизански одред организира напад на полициската станица и затворот во Прилеп, како и на телофонско-телеграфските објекти во околината на градот.[9]

---

1, кн. 1, Скопје 1968, док. бр. 15, стр.75-76). Во писмото покрај другото читаме: „Имаме многу другари осудени на смрт. Исто така и Митре (илегално име на Лазар Колишевски б.м.) член на ПК...". Значи според Бане Андреев, Митре е член на ПК, а не политички секретар?

[4] Види: *Хронологија радничког покрета и СКЈ, 1919-1979. Београд, 1980,* Том II, 1941-1945, стр.21; *Лексикон Народнослободилачки рат и револуција у Југославији, 1941-1945,* кн. 2, стр. 1057. Проф. Јован Марјановиќ, во својот труд, *Ослободилачки рат у Србији,* 1941, Београд, 1958 (овај е првиот докторат со тематика од НОБ на територијата на Југославија), судрувањето во Бела Црква на 7 јули, не го третира како почеток на востанието на српскиот народ, туку како обичен судир, случаен, а не организиран.

[5] *Хронологија...* стр.34; *Лексикон...,*кн. 1, стр. 162-163.

[6] *Хронологија...* стр. 40; *Лексикон...* кн. 2, стр. 1036-1037.

[7] *Хронологија...*стр.41. Овој датум, како почеток на востанието се одбележувал во текот на војната. *Лексикон...*кн. 1, стр. 124-125.

[8] *Хронологија...* стр.42; *Лексикон...*кн. 1, стр. 364-366.

[9] *Хронологија...* стр .69; *Лексикон...*кн. 2, стр. 634; Владо Ивановски, *Почетокот на востанието во Македонија во 1941 година.* ГИНИ, Г.ХВ, бр. 3, стр.17-32; *Југословенски историски часопис*, бр. 3-4, за 1971, стр.77-94; *Современост*, Скопје, 1973, бр. 7-8, стр. 777-798; Збор. *Ослободителната војна и Револуција во Македонија,* 1941-1945. Скопје, 1973, стр. 117-133; *Историја на Македонскиот народ (кратка верзија),* Скопје, 1972, стр. 350-358 и на други места.

За разлика од податоците што ни ги нуди Хронологијата, во политичкиот извештај на политичкиот секретар на ЦК КПЈ, Јосип Броз-Тито, поднесен на Петтиот конгрес на КПЈ, одржан во Белград во времето од 21 до 28 јули 1948 година, во делот, каде што се зборува за почетоците на востанијата кај Југословенските народи, кога станува збор за Македонија има доста контрадикторности и недоречености. Имено, во еден дел во рефератот, каде што се зборува за задачите на партизанските одреди во сите области на Југославија (се однесува за периодот до 10 август 1941 (б.м.)-Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Македонија, Војводина, Санџак и Далмација-имаат главна цел ослободување на народот во Југославија од окупаторот...[10] Овде се зборува за Македонија, како да има формирано партизански одреди. Меѓутоа познато е дека првиот Скопски партизански одред е формиран на 22 август 1941 година.[11] Тој всушност е и првиот партизански одред, формиран на територијата на Вардарска Македонија. Во продолжение на рефератот, на друго место пак, кога се зборува за разгорот на вооруженото востание на територијата на Југославија, покрај другото се вели: „Партизанското движење во тоа време, ги зафати не само Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина, туку почна силно да се развива и во Хрватска и Словенија... Во Македонија до вооружено востание во тоа време не дојде, затоа што секретарот на раководството на партиската организација во Македонија, Шарло, со сите сили го саботираше создавањето на партизанските одреди, заради кое што беше исклучен од ЦК КПЈ и од Партијата од страна на ЦК КПЈ“.[12]

Во некои југословенски изданија, кога се зборува и се оценуваат почетоците на востанијата на некогашните југословенски простори и резултати, рапространето е мислењето дека вооруженото востание во Македонија не само што задоцнило, туку и воопшто не почнало: „У релативном кратком периоду народноослободилачка борба, нарочито се развила у Србији, Црној Гори, Босни и Херцеговини и почела се успешно развијати у Хрватској и Словенији. Изузетак преставља Македонија, где нарочито због тешког стања у партиској организацији није ни дошло до устанка“.[13]

Долго време прашањето за тоа дали вооруженото востание во Македонија доцни или не во споредба со другите народи на Југославија, беше присутно на разни нивоа во југословенската историографија. Првпат на југословенско, па и на меѓународно ниво, се дискутираше отворено на Меѓународниот научен собир, што се одржа во Љубљана во времето од 26, 27 и 28 јануари 1972 година, во организација на Заедницата на институциите за изучување на поновата историја на народите и народностите на Југославија, под наслов: „Ослободителната борба на народите на Југославија, како општонародна војна и социјалис-

---

[10] Види, *Петти конгрес на Комунистичката партија на Југославија-извештаи и реферати,* „Култура“, Скопје, 1948, стр.66.

[11] Александар Спасовски, *Партизанското движење во Скопје и скопско 1941-1945,* Скопје, 1984, стр. 289.; *Лексикон Народноослободилачки рат и револуција у Југославији 1941-1945,* Београд, 1980, книга 2, стр. 1926-1927 и на други места.

[12] Види, цитирана книга-*Петти конгрес…*, стр. 78-79; Владо Ивановски, *Исклучувањето на Методија Шаторов-Шарло од КПЈ.* Сп. „Разгледи“ Г. XIII, бр. 7, стр. 695-706.

[13] Види: *Ослободилачки рат народа Југославије, 1941-1945.* Кн. 1, Београд, 1957, стр. 107.

тичка револуција".[14]

Рефератите беа благовремено умножени и доставени до сите учесници на собирот. Согласно усвоениот деловник за работа, подносителите на рефератите, можеа само во рамките на 5 минути, не да ја парафразираат содржината на своите реферати, туку само да ги истакнат прашањата кои ги покренуваат и сакаат за нив да се дискутира на собирот. Настојувањата беа да се даде што повеќе време за дискусија.

Во работата на овој научен собир од Македонија, со свои реферати, зедоа учество тројца научни работници. Еден од рефератите носеше наслов: Дали доцни вооруженото востание во Македонија 1941? Со низа факти се докажа, дека, кога се оценува времето за почетокот на вооружените востанија, кај народите на Југославија, за Македонија не стојат оценките дека тоа доцни или пак до востание не дошло, како што можевме да прочитаме во некои публикувани трудови. Рефератот, побуди неверојатен интерес и целото попладне, од работата на првиот ден на Собирот, се дискутираше за ова прашање за Македонија. Притоа кај повеќето учесници во дискусијата, преовлада мислењето дека, кога се однесува за Македонија 1941 година, не може да се зборува за задоцнување на вооруженото востание.

Самото покренување на ова прашање на сојузен односно меѓународен научен собир, беше од големо значење за правилното оценување на положбата во Македонија во 1941 година. Се разби мислењето дека вооруженото востание во Македонија не само што не задоцнило, напротив, тоа во натамошниот тек, во наредните години до крајот на Народноослободителната борба, бележи континуиран растеж, кој беше посочуван како пример за целата територија на НОБ на Југославија, за разлика од некои други делови на поранешниот југословенски простор.[15]

Споредувајќи ги настаните на просторите на Југославија, со тие што се случуваа на територијата на Македонија, во текот на 1941 ќе констатираме дека, многу од нив, како што е тоа случајот со другите, можеле и во Македонија да се земат, како почетоци на вооружено востание кај нас и тоа многу порано отколку кај другите дури, ако се земат предвид само настаните од Вардарскиот дел на Македонија, без деловите на Македонија под Бугарија, Грција и Албанија.

Подготовките за вооружено востание во Македонија, фактички почнуваат уште во текот на траењето на Априлската војна од 1941 и делбата на Македонија со Виенската спогодба од април 1941.[16] Месниот комитетет на КПЈ за

---

[14] Поопширно за овој собир види: *Осврт на симпозиумот „Ослободителната борба на народите на Југославија, како општонародна војна и социјалистичка револуција"*, Љубљана, 26-28.1.1972година. Гласник на ИНИ, Г.XVI, бр. 1, Скопје, 1971, стр. 303-306.

[15] Види, Михајло Апостолски, *Ослободителната војна во Македонија.* Скопје, 1975, стр. 348; Зб. *Документи за воената организација во Македонија,* 1941-1945, Т. 1, кн. 1, Скопје, 2001, *Предговор кон изданието,* стр. 9-19; *Макдонија во борбата против фашизмот.* Скопје, 1995, стр.35 и на други места.

[16] Поопширно види, од група автори, во *Делбите на Македонија* 1912-1944, Скопје, 1971, стр.230; Во цитираните трудови, *Македонија во борбата против фашизмот; Историја на македонскиот народ* и други.

Прилеп, непосредно по нападот на фашистичка Германија на Кралството Југославија, на 7 спроти 8 април 1941 свикува состанок, на кој е разгледана новонастанатата ситуација и притоа ги донесуваат следните одлуки: да се бојкотираат окупаторите што се очекуваат; формираат две комисии едната за собирање оружје и втората за прифаќање на војниците од растурената југословенска војска, сѐ со цел потемелно да се организира вооруженото востание ва овој дел од Македонија. Наредниот ден членови на партиската организација од Прилеп, ги ослободуваат политичките затвореници од затворот во Прилеп, меѓу кои се наоѓаа и членови на МК КПЈ од Прилеп, Велес и Гевгелија.[17]

На 10 април 1941, Месниот комитет на КПЈ за Тетово одржува состанок (некоиго именуваат и советување). По опстојното разгледување на новонастаната ситуација, со отпочнувањето на Априлската војна, констатирано е дека борбата и подготовките треба и натаму да продолжат, а во врска со тоа набележани се и задачите на комунистите за наредниот период: собирање оружје и муниција и друг воен материјал; запленување на судска и полициска архива; прифаќање и згрижување на заробените војници и други.[18]

Месниот комитет на КПЈ за Куманово, на 11 април 1941, исто така, одржува состанок, на кој ја разгледува новонастанатата ситуација со почетокот на Априлската војна и притоа ги донесува следните заклучоци: да се собира што повеќе оружје и муниција и истото да се засолнува на сигурни места; организирање на партиската техника; зајакнување на партиските организации и ќелии; да се бојкотираат бугарските окупатори, кои што се очекуваа; разобличување на домашните предавници; организирање на акции за ослободување на комунистите од затворите и логорите и друго.[19]

Во текот на месеците април и мај, состаноци одржуваат и месните комитети на КПЈ : Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Крушево. Гевгелија и други. На овие состаноци се донесуваат слични заклучоци и одлуки, како и состаноците на погореспоменатите градови.[20]

Фактички со состаноците на месните комитети на КПЈ, во текот на април и мај 1941 во Македонија и конкретно отпочнуваат подготовките и активностите, за почетокот на вооруженото востание против окупаторот кој се очекуваше. Состаноците и заклучоците на првите три споменати градови во Македонија, претходеа на седниците и заклучоците на ЦК КПЈ, во периодот на времетраењето на Априлската војна во Југославија.

Имено, ако ја разгледаме хронологијата на настаните на централното политичко раководство на Југославија, како и на одделни покраински и месни

---

[17] Види цитираната *Историја на македонскиот народ* (кратка верзија); Михајло Апостолски, *Ослободителната војна на македонскиот народ,* Скопје, 1964, стр. 343; Владо Ивановски, *Состанок на Месниот комитет на КПЈ-Прилеп-1941* (паралелен текст на македонски и српскохрватски јазик), Прилеп, 1987, стр. 38.

[18] Боро Митровски, *Услови за устанак у Македонији 1941.* Војнисториски гласник (ВИГ), бр. 4, август-1966, стр. 130-131; Владо Ивановски, *Ослободителната војна во западна Македонија,*Скопје 1973, стр. 51-52.

[19] Владо Ивановски, *Состанокот на МК КПЈ-Куманово, од 11 април 1941,* Зборник, Куманово и Кумановско во НОБ 1941-1942, Куманово 1979, стр. 198-203.

[20] Владо Ивановски, *Априлските состаноци и советувања на месните комитети на КПЈ во Вардарска Македонија,* 1941 година. Гласник на ИНИ Скопје 1975, Г. IX бр. 3, стр. 15-26.

политички партиски раководства ќе го констатираме следното:

На 7 април 1941 год. во Загреб, Политбирото на ЦК КПЈ, одржува седница на која донесува заклучок да се испрати делегација во Штабот на Четвртата армија, со барање на работниците и антифашистите да им се подели оружје за борба против агресорот. Барањето е одбиено. Истиот ден слично барање му е поставено на Штабот на Дравската дивизија во Љубљана, од страна на ЦК КП на Словенија. И ова барање е одбиено.[21]

На седницата на Политбирото на ЦК КПЈ, одржана на 10 април 1941 год. во Загреб, по разгледувањето на положбата и последиците со распаѓањето на југословенската војска и создавањето на Независна Држава Хрватска (НДХ), донесена е одлука, со сите можни средства да се даде отпор на агресорот и да се извршат подготовки за преселување на ЦК КПЈ од Загреб во Белград.[22]

Во врска со новонастаната ситуација ЦК КПЈ, до народите на Југославија издава прв проглас на 15 април 1941, во кој се осудува создавањето на НДХ, го поддржуваат отпорот против агресорот, а во исто време се известува Комунистичката интернационала (КИ), за спремноста на КПЈ и народот да дадат отпор против агресорот и очекуваната окупација.[23]

Да видиме каква е положбата и во другите делови на територијата на Југославија?

На 6 април 1941 год., е одржано окружно партиско советување во Шибеник.[24]

Истиот ден месниот комитет на КПЈ од Славонски Брод, одржува состанок, на кој се разговарало за преземање мерки за одбрана на земјата од страна на агресорот.[25]

На 11 април 1941 год., месниот комитет на КПЈ за Хвар, одржува состанок, на кој се одлучува, да не се признаваат ни усташката ни окупаторската власт, туку истите да се бојкотираат.[26]

ЦК на КП на Хрватска, првпат свикува седница на 12 април 1941, на која е донесена одлука, дека главна задача на Партијата е политички да го подготвува народот за вооружено востание.[27]

КП на Словенија, на 6 април, организира доброволни одреди за одбрана на земјата. На 11 април донесува одлука за собирање оружје и отпочнување со интензивни подготовки за давање отпор на окупаторот.[28]

Во Црна Гора, на 24 април ПК КПЈ за Црна Гора, Бока и Санџак, одржува состанок во близина на Подгорица (с.Веље Брдо). На состанокот, покрај друго-

---

[21] Владо Стругар, *Рат и револуција народа Југославије, 1941-1945.* Београд 1962, стр. 34-40.

[22] Исто.

[23] *Зборник докумената и података о народноослободилачком рату Југословенских народа.* Војноисториски институт (ВИИ), Београд, 1952, Том. V, кн. 1, стр. 5-7.

[24] Види: *Хронологија ослободилачке борбе народа Југославије, 1941-1945.* Београд 1964, стр. 33-34.

[25] Исто.

[26] Исто.

[27] Исто.

[28] Исто.

то, е донесена одлука, да се отпочнат подготовки за вооружена борба против окупаторот; да се формира комисија, која преку месните комитети на КПЈ ќе организира собирање оружје, муниција и други потреби, за претстојните борби.[29]

Непосредно по нападот на 6 април 1941 год., ПК КПЈ за Србија, ја пренесуваат одлуката на ЦК КПЈ, сите резервисти да се одзиваат на мобилизацијата.[30] На крајот од април покраинското раководство на Србија, презема мерки за средување на состојбите во организациите на теренот и отпочнување со собирање на оружје.[31]

*

* *

Ако внимателно ги проанализираме состаноците и советувањата, почнувајќи од месните комитети на КПЈ до ЦК КПЈ, одржани во текот на април 1941, на целата територија на тогашна Југославија, по дискутираната проблематика и донесените заклучоци, се наметнува оцената дека заклучоците од состанокот на МК КПЈ за Прилеп од 7/8 април 1941, потоа советувањето во Тетово од 10 април, како и одлуките на МК КПЈ од Куманово од 11 април, се најблиски до ставовите од седницата на ЦК КПЈ од 10 април одржана во Загреб. Тоа зборува дека овие организации, по фашистичкиот напад на Југославија од 6 април 1941, најбргу реагираа во новонастанатата ситуација. Тие претставуваат програмски начела, не само за ангажирањето и активноста на комунистите, туку и за сите антифашисти, кои беа спремни да се борат против окупаторот.

Значењето на овие состаноци, уште повеќе може да се согледа, ако се има предвид фактот дека тие се организираат и одржуваат, самоиницијативно, независно еден од друг, без директива од одозгора, а што е за истакнување, дека тие се одржуваат на три различни дела на Македонија: централна, западна и северна.

Ваквото организирање на базата, резултираше уште во текот на април 1941 во Вардарскиот дел на Македонија, да се преземаат разни акции вперени против окупаторот, од саботажи до вооружени судрувања и паѓањето на првите жртви од двете страни пред 11 Октомври 1941 год.[32]

Во рамките на подготовките за вооруженото востание во Македонија, беа формирани нови и организационо зајакнати постојните месни комитети и партиски организации и ќелии. До почетокот на септември, во рамките на месните комитети, одделни членови во нив, беа задолжени да работат по воена линија, а потоа во сите градови на Македонија, беа формирани месни воени штабови (МВШ).[33] Во текот на јуни 1941, ПК КПЈ за Македонија, чиј секретар беше

---

[29] Исто.

[30] Перо Мораца, *Југославија 1941.* Београд 1971, стр. 28.

[31] Исто, стр. 93.

[32] Поопширно за сите овие акции види: Владо Ивановски, *За почетокот на востанието во Македонија 1941.* Зб. Развојот и карактеристиките на Народноослободителната војна и револуцијата во Македонија, 1941-1945. МАНУ и ИНИ, Скопје, 1993, стр. 117-133.

[33] Михајло Апостолски, *Ослободителната војна на Македонскиот народ.* Скопје, 1974, стр. 56.

Методија Шаторов-Шарло, формира воена комисија, со основна задача поинтензивно да работи на подготовките за кревање на вооружено востание во Македонија.[34]

*Во јули 1941, во с.Долни Дисан-Кавадаречко,од бугарска патрола беше убиен секретарот на СКОЈ-Диме Поп Атанасов. Тој беше првата жртва во окупирана Македонија.[35]*

*На 9.9.1941 пробивајќи ја блокадата на партиската техника на ПК КПЈ М, во Скопје, Боро Патрушевски, убива еден бугарски војник. На 11.9. членови од диверзантска група од Прилеп, кои имаа задача да го извидат тунелот кај Богомола на железничката пруга Прилеп-Велес, се судруваат со бугарското обезбедување на тунелот и притоа се убиени двајца бугарски стражари.[36]*

*Жртвите од 9 и 11 септември беа првите окупаторски војници, паднати во дирекни судири со организирани сили на Народноослободителноослободителното движење во Вардарскиот дел на Македонија.*

*Отпорот на Македонскиот народ против окупаторот пред 11 Октомври, се изразуваше и преку други форми. Така на пример на 2 август 1941, по повод 40-годишнината од Илинденското востание, во многу градови на Македонија, беа организирани, масовни демонстрации, каде се истакнуваа пароли против окупацијата, а за „Слободна Македонија".[37]*

---

[34] Долго време по ослободувањето, прашањето за улогата на воената комисија, формирана за време на Шарловото раководство, во Македонија, во македонската историографија, не само што беше запоставувана, туку кога ќе се укажеше потреба за нејзиното објаснување, нејзината улога, како и резултатите од нејзината активност, секогаш се запоставуваа, свесно одбегнувани да се разјаснат, а во најголем број случаи и погрешно толкувани и вреднувани. Едно е непобитно дека таа е формирана за време на Шарловото раководење со ПК КПЈ за Македонија чија основна задача била да работи на подготовки за вооружено востание во Македонија. Од објективизирањето на местото и улогата на оваа комисија, индиректно ќе се дојде до одговор и на прашањето, споменато во првите страници од написов, за тоа дали организацијата на КПЈ во Македонија, Методија Шаторов-Шарло, во мај 1941 ја отцепил од составот на КПЈ и самоволно ја приклучил кон БРП, како што тврдат поединци или пак во прашање е поврзување на оваа организација со БРП. Од сочуваната документација, од Коминтерната (КОИ), како и од генералниот секретар на ЦК КПЈ-Јосип Броз-Тито, едно е сигурно дека, со одлука на КОИ од крајот на август 1941, се вели дека Партиската организација од српска Македонија, од практични причини да остане во составот на КПЈ (Види: Историски архив КПЈ, Том. VII, *Македонија у Народноослободилачком рату и Народној револуцији, 1941-1944*, Београд 1951, док. 17, стр. 45; док. 18, стр. 45-48; док. бр. 19, стр. 48-49; док. бр. 20, стр. 50; док. бр.21, стр.50-51; док. бр. 22, стр. 51; док. бр. 23, стр. 51-54). Меѓутоа, документ за приклучувањето кон БРП, барем до сега не е пронајден. Исто така, логично би било, ако партиската организација на Македонија беше приклучена кон БРП, за периодот од мај до крајот на месец август 1941 (до цитираната одлука на КОИ) партиската организација во Македонија, ако беше интегрален дел од БРП, мораше од неа да биде испратена некоја директива или писмо! Едно што можеме да тврдиме, тоа е дека до денешен ден во Македонија, а исто така и во архивите во соседна Бугарија, не е пронајдена никаква документација, која би се однесувала на спорново прашање, освен погорецитираната одлука. Ако евентуално е сочувана документација, идните истражувачи, ќе ја имаат привилегијата да го решат ова отворено прашање.

[35] Атанас Златев, *Прва жртва во окупирана Македонија.* в.„Нова Македонија", 11 јули 1961г.

[36] Миле Алимаскоски, *Од дневникот на Прилеп*, 1940-1942, Скопје, 1952, стр. 37.

[37] Михајло Апостолски, цитираната книга: *Ослободителната војна...* стр. 28; потоа цитираниот дневник од Миле Алимаскоски, стр.25-26 и други.

*На 22 август 1941 се формира првиот Скопски партизански одред. Прв одред формиран на територијата на Македонија.*[38]

Во септември 1941, е формиран Прилепскиот партизански одред,[39] а на 12 октомври се формираа и излегоа на терен двата кумановски партизански одреди.[40]

Наброениве активности, почнувајќи од априлскиот состанок на МК КПЈ Прилеп, заклучно со судрувањата кај Богомила и другите форми на отпор против окупаторот, зборуваат за постапниот и темелниот приод кон подготовките за организираниот почеток на вооруженото востание во Македонија 1941. Кај нас тој ден е земен 11 Октомври, како ден на востанието на македонскиот народ. Одлуката за почнување на вооружените акции во Македонија за 11 Октомври, ја донесе ПК КПЈ за Македонија.

Со исклучок на Словенија, која уште во текот на војната и званично го утврди 27 јули за ден на востанието на словенечкиот народ, сите други републики, коишто ја сочинуваа Југословенската федерација, меѓу кои и Македонија, одлуки за одбележувањето на датумите за почетоци на востанијата, ги одредуваат по конечното ослободување во текот на 1945 година. Законот за прогласување на 11 Октомври 1941, како ден на народното востание во Македонија, за народен празник, е донесен од страна на Президиумот на народното собрание на Македонија, на 8 септември 1945 година. Овој закон е објавен во Службен весник на Федерална Македонија во бр. 20, год. 1, на 1 октомври 1945 година. (види факсимил од законот).

Без резултати беа нашите настојувања, да најдеме некој документ, од кој ќе се види дека и во текот на НОБ во Македонија се одбележува 11 Октомври. Наспроти тоа редовно се одбележуваат годишнините од Илинденското востание,[41] како и годишнините од Октомвриската револуција од 1917 во Русија.[42]

---

[38] Александар Спасовски, *Партизанското движење во Скопје и Скопско, 1941-1945,* Скопје 1984, стр.289; Зб. *Скопје во НОб 1941,* Скопје, 1973, стр. 518 и на други места.

[39] Види: Зб. *Прилеп и Прилепско во НОб 1941,* Скопје, 1976, стр. 518; Миле Алимаскоски цитиран труд и други.

[40] Види: Зб. *Куманово и Кумановско во НОБ,* 1941-1942, Куманово, 1979, стр. 871.

[41] Види: *Илинденските традиции во НОБ на Македонија,* Сп. Историја, Скопје, 1969, Г. I/5, с.3-10.

[42] Види: *Материјали за одбележување и прославите од Октомвриската револуција во текот на ослободителната борба на Македонија,* Гласник на ИНИ, Скопје, 1967, Г. X 1/3, стр. 95-137.

СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ

ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА

Број 20 | Скопје, понеделник, 1 октоври 1945 год. | Год. I

Службен весник на федерална Македонија излегуе новремено· Ракописите се пракјат на адреса: Службен весник на федерална Македонија — Скопје. Ракописите не се вракјат

Цена 2 динари од табак. Претплата за 6 месеци 110 динари. Огласите се приемат по тарифата, објавена во Службен весник бр· 10. Чековна сметка бр. 83-109.

*На основание чл. 3 од законот за изменение и дополнение на Решењето на Антифашистичко собрание на народното ослободуење на Македонија за конституирањето на АСНОМ како врховен законодателен и извршен орган на државната власт во Македонија, Президиумот на народното собрание на своето заседание од 8. IX. 1945 година го донесе следниот*

# ЗАКОН
## за прогласуење на денот на народното востание во Македонија за народен празник

Чл. 1

За да се прослави споменот на оној ден, кога во Македонија пукнаа први востанички пушки против Фашистичките окупатори и нивните слуги, СЕ ПРОГЛАСУЈЕ ДЕНОТ 11 ОКТОБРИ ЗА НАРОДЕН ПРАЗНИК, кој ке се прославује секоја година како ден кога отпочна во Македонија народното востание против фашистичките завојувачи и нивните слуги.

Чл. 2

Овој закон влегуе во сила од денот на неговото објавуење во Службениот весник на федерална Македонија.

Президиумот на Народното собрание на Македонија.

Секретар,
**Др. Б. Спиров** с. р.

Претседател,
**М. Андонов Ченто** с. р.